СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

*(доверливо)*
**СО 48. седница**
**26.5.2021 година**
**Точка на дневен ред бр. 10-1**

# МИСЛЕЊЕ

## на Надзорниот одбор за предлог-одлуката за именување член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола

**Битола, 2021 година**

Во согласност со член 67 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола (пречистен текст) СО бр. 02-19821/1/II-2 од 11.11.2020 година, Надзорниот одбор на Банката се состои од 7 (седум) члена, од кои два члена се независни.

Сегашниот состав на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола е сочинет од 6 (шест) члена, и тоа: Миле Зечевиќ, Александра Радевска, Стевчо Јолакоски, Иванчо Велјановски, Игор Камбовски и Гордана Темелковска - Костовска. За независни членови на Надзорниот одбор се именувани Миле Зечевиќ и Игор Камбовски.

Со цел персонално дооформување на составот на Надзорниот одбор во согласност со Статутот на Банката, потребно е Собранието да пристапи кон избор и именување на член на Надзорниот одбор.

Во согласност со одредбите на Законот за трговските друштва, за точките за кои нема предложени одлуки за донесување, потребно е овластен орган (Надзорниот одбор на Банката) да даде мислење по секоја од точките од предложениот дневен ред на седницата на Собранието што ќе биде објавено на интернет-страницата на Банката.

Номинирањето на кандидатот за член на Надзорен одбор го вршат акционерите на Банката кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5 % од вкупниот број акции со доставување предлог за кандидат за член на Надзорниот одбор, кој содржи податоци за возраста, образованието и за другите професионални квалификации, за работното искуство, податоци за тоа во кои друштва бил или е член на органи на управување или надзорен одбор и за други поважни функции што ги извршувал. Податоците за предложениот кандидат треба да бидат достапни за сите акционери најдоцна седум (7) дена пред Собранието да пристапи кон избор.

Предложениот кандидат треба да биде лице кои има познавања и искуство од областа на банкарството и/или финансиите и познавање на финансиската индустрија и опкружувањето во кое дејствува банката, со што ќе придонесува за стабилно, сигурно и ефикасно управување и надзор на Банката.

Воедно, предложениот кандидат треба да ги исполнува условите за негово именување за член на Надзорен одбор во банка утврдени во Законот за банките, Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка („Службен весник на Република Македонија“, бр. 24/2018), Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 113/19) и Статутот на Банката.

Поради сето погоренаведено се јавува потреба Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола да донесе Одлука за именување член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола.

Стопанска банка а.д. Битола
Надзорен одбор

Претседател
м-р Миле Зечевиќ